# ИЗВЕШТАЈ на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 53-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје

На 31.05.2024 година се оддржа 53-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, во прилог објавуваме Извештај за прашања од акционерите и генерални информации за начинот на организација на седницата. На крајот од документот прикажани се табеларно и резултатите од гласањето по секоја точка.

- 53-та седница на Собранието на акционери беше организирана следејќи ги сите важечки закони и интерни политики на Банката. Сите одлуки кои се законски обврзувачки да бидат донесени на редовното Годишно Собрание на акционери беа разгледани и усвоени со доволно мнозинство.

- На седницата присуствуваа и беа претставени акционери кои претставуваат 16,586,184 обични акции, односно 94.9% од вкупниот број на акции со право на глас; и 20,769 приоритетни акции, односно 9.1% од вкупниот број на приоритетни акции. Покрај акционерите, Претседавачот, Нотарот и Бројачот на гласови, на седницата присуствуваа: а) сите членови на Управниот одбор; б) независните членови на Надзорниот одбор, проф. Владимир Филиповски и проф. Сашо Ќосев; и в) претставници на независното ревизорско друштво PricewaterhouseCoopers која ја изврши ревизијата на работењето на Банката во 2023 година, г-дин Драган Давитков, Партнер и г-дин Симе Јовановски, Сениор директор.

- Во однос на предлозите на акционерите поврзани со правата од приоритетните акции односно предлогот за конверзија на приоритетните акции во обични акции (точка 3 од Дневниот ред), Нотарот утврди присуство на акционери и претставници на акционери кои вкупно поседуваат 20.769 приоритетни акции (9.1% од вкупниот број на приоритетни акции) што претставува недоволен број на пријавени и претставени акционери што го предвидува Законот за трговски друштви при разгледување и дискусија на предлози кои ги засегаат двата рода на акции. Поради ова, се утврди дека НЕМА кворум за разгледување и одлучување по точка 3 од Дневниот ред на 53-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје.

Во продолжение ги прикажуваме покренатите прашања на седницата од страна на акционерите и одговорите од службите на Банката:

**Прашање бр.1***: По точка 3 (предлози од акционери во однос на приоритетните акции) треба да гласаат имателите на обични акции а доколку предлогот биде усвоен, имателите на приоритетните акции да дадат согласност со одвоено гласање односно да гласаат на посебна седница*.

Согласно Законот за трговски друштва, кога со одлука на Собранието, односно со одлука за измена на статутот се менува/ограничува кое било право врзано за некој род акции, предуслов за полноважноста на ваквата одлука е да постои мнозинство од двата рода на акции. Ова особено што предлозите беа уредно ставени на Дневен ред на седницата на Собранието на акционери на Банката и имателите на приоритетни акции имаа право да одлучуваат со *одвоено гласање, на истата седница*.

Сепак, со оглед на тоа дека беше констатирано дека бројот на присутни и претставени приоритетни акции изнесува 20.769 односно 9.1% од вкупниот број на приоритетни акции, претседавачот констатира дека на седницата на Собранието не присуствуваат доволен број на акционери за да може да се донесе полноважна одлука.

Дополнително, во однос на правото на гласање односно давање согласност на горенаведените предлози на *посебно собрание*, истото може да се организира доколку тоа го побараат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број на акции кои можат да учествуваат во гласањето за донесување одлука за согласност.

**Прашање бр.2***: Собранието на акционери на банката треба да го разгледа и да одлучи за работењето на членовите на управниот одбор и надзорниот одбор, заеднички и за секој член поединечно*.

Согласно Законот за банки, Собранието на акционери на Банката ги разгледа и одлучуваше по сите прашања кои се законски обврзувачки да бидат донесени на редовното Годишно Собрание на акционери.

Во оваа насока, следејќи го Законот за трговски друштва, Собранието на акционери ги разгледа и одлучуваше во однос на водењето на работењето на Банката, односно се усвои со доволно мнозинство годишната сметка и финансиските извештаи како и консолидираните ревидирани финансиски извештаи. Потоа, се пристапи кон разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работа на Банката во 2023 година.

По исцрпување на овие точки поврзани со успешното работење на Банката во 2023 година, Собранието на акционери го разгледа и усвои Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за истата деловна година и ја одобри работата на сите членови на Надзорниот одбор.

**Прашање бр.3***: До кога Банката нема да дава дивиденда за имателите на обични акции, имајќи предвид дека Банката пет години остварува резултати дури и над своите таргети.*

Одлуката за исплата на дивиденда на обичните акции е во надлежност на акционерите врз основа на одлука донесена од Собранието на акционери.

**Прашање бр.4:** *Банката нема дивидендна политика. Дали и кога Банката планира да изработи и објави дивидендна политика?*

Во Годишниот извештај за работењето на Банката, во посебен сегмент е образложен пристапот кон дивидендната политика (стр. 41).

На кратко, Банката ги зема предвид капиталот и другите регулаторни барања што треба да ги поддржат деловните потреби и аспектите на раст. По обезбедување на споменатите приоритети, останатото е предмет на дискреција на акционерите врз основа на одлука донесена од Собранието на акционери.

**Прашање бр.5:** *Со оглед на променетите околности на пазарите, зошто Банката не го зголеми соодветниот процентен поен (1%) кој влијае на износот на дивидендата за имателите на приоритетни акции, а кој е непроменет со години?*

Определувањето на дивидендата на приоритетните акции е утврдена согласно одлуките за издавање на акциите, односно гарантираната (фиксна) дивиденда на приоритетните акции се утврдува во висина на каматните стапки на депозитите на население орочени на 1 година зголемено за 1% односно за соодветен процентен поен кој се утврдува со одлука на Банката.

Дивидендниот принос се прилагодува врз основа на движењето на каматните стапки на депозитите што пак ги отсликува пазарните движења во земјата.

Со ваквиот прудентен пристап на Банката се обезбедува предвидливост, објективност и определивост на дивидендниот принос на приоритетните акции врз основа на јасни параметри утврдени во одлуките за издавање на акциите.

**Сета дискусија од 53-та седница на Собранието на акционери е содржана во Записникот од седницата, објавен на веб-страницата на Банката.*

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

## Извештај од резултатите на гласањето на 53-та седница на Собранието на акционери

| # | Назив на точка од Дневен ред | Усвоена / Неусвоена одлука | Гласови ЗА | Гласови ПРОТИВ | ВОЗДРЖАНИ гласови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор на Претседавач, Нотар и бројач на гласови | √ | 16,566,297 | 0 | 19,887 |
| 2 | Разгледување на Записникот од 50-та седница на Собранието на акционери одржана на 31 мај 2022 година | Н/А | - | - | - |
| 3.1 | Разгледување на предлози поднесени од акционерите:* Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции поднесен од имател на приоритетни акции; | Нема кворум | - | - | - |
| 3.2 | Разгледување на предлози поднесени од акционерите: Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од имател на приоритетни акции | Нема кворум | - | - | - |
| 4 | Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје | √ | 16,577,266 | 0 | 8,918 |
| 5 | Утврдување на пречистен текст на Статут на Стопанска банка АД – Скопје | √ | 16,577,260 | 0 | 8,924 |
| 6 | Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2023 година | √ | 16,577,260 | 0 | 8,924 |
| 7 | Донесување на Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2023 година | √ | 16,573,620 | 0 | 12,564 |
| 8 | Разгледување и усвојување на Финансиските Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,577,440 | 0 | 8,744 |
| 9 | Разгледување и усвојување на Консолидирани Финансиски Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,577,440 | 0 | 8,744 |
| 10 | Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,582,890 | 0 | 3,294 |
| 11 | Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2023 година | √ | 16,563,065 | 19,645 | 3,474 |
| 12 | Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите | √ | 16,562,875 | 19,835 | 3,474 |
| 13 | Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2023 година | √ | 16,562,875 | 19,835 | 3,474 |
| 14 | Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година | √ | 16,562,848 | 14,385 | 8,951 |
| 15 | Донесување Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2024 година | √ | 16,570,539 | 0 | 15,645 |
| 16 | Усвојување на Правилата за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје | √ | 16,570,539 | 0 | 15,645 |

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk